**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-582/2**

**З А П И С Н И К**

**Од 79-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 30.01.2019 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева , Ивана Трајковска, Анита Латифи,Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека и Гајур Рамадани.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Арун Ибраими-заменик на директорот на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и реализација на буџети и Љубица Пуцаревиќ-Синдикална организација при МРТ.

Седницата започна во 13:10 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 78-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Предлог Финансиски план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 година,со пренамена на средства.

3. Разгледување и усвојување на предлог План за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година,со пренамена и дополнување на средства.

4. Донесување Одлука за започнување на постапка за преговори за склучување на нов Колективен договор помеѓу ЈРП МРТ и репрезентативниот Синдикат при ЈРП МРТ.

5. Овластување за склучување и потпишување на нов Колективен договор помеѓу ЈРП МРТ и репрезентативниот Синдикат при ЈРП МРТ.

6. Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на Записникот од 78-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 78-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 78-ма седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 78-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување на Предлог Финансиски план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2018 година, со пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска од одделението за планирање и реализација на буџети која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 година, со пренамена на средства ставка по ставка.Виолета пред присутните објасни зошто и од кои причини се прави ваквата измена на Финансискиот план за 2019 година.

Врз основа на член 124 став 1 алинеа 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на РМ бр.184/13;13/14; 44/14;101/14;132/14,132/17),и член 43 став 1 алинеа 7 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот Совет на ЈРП МРТ на својата 79-та седница одржана на ден 30.01.2019 година, по разгледувањето на Финанисискиот план за измена на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2019 г. со пренамена на средства,ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Финансиски план за измена на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2019 г. со пренамена на средства**

**I.** Програмскиот совет на ЈРП МРТ, на предлог на Директорот на МРТ,го разгледа и го усвои Финанисискиот план за измена на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2019 г. со пренамена на средства.

**II.** Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**III.** Примерок од Одлуката да се достави до:

- Сектор за правни работи и човечки ресурси;
- Сектор за финансиско работење;
- Сектор за комерција и јавни набавки;
- Одделение за планирање и реализација на буџети;
- Одделение за внатрешна ревизија;
- Архивата на МРТ.

По расправата Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 година, со пренамена на средства беше ставен на гласање.

■ **Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 година, со пренамена на средства** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 година,со пренамена на средства **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување и усвојување на предлог План за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година,со пренамена и дополнување на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ со детално образложение по материјалот на Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година,со пренамена и дополнување на средства. Виолета пред присутните објасни зошто и од кои причини се прави ваквата измена на Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година,со пренамена и дополнување на средства.

Врз основа на член 124,став 1,алинеа 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. весник на РМ бр.184/13;13/14; 44/14;101/14;132/14,132/17), и член 43,став 1,алинеа 10 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот Совет на ЈРП МРТ на својата 79-та седница одржана на 30.01.2019 год.,по разгледувањето на Планот за изменување на планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за усвојување на План за изменување на планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година со пренамена и дополнување на средства**

**I.** Програмскиот совет на ЈРП МРТ, го разгледа и го усвои Планот за изменување на планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2019 година со пренамена и дополнување на средства.

**II.** Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**III.** Примерок од Одлуката да се достави до:
- Сектор за правни работи и човечки ресурси;
- Сектор за финансиско работење;
- Сектор за комерција и јавни набавки;
- Одделение за планирање и реализација на буџети;
- Одделение за внатрешна ревизија;
- Архивата на МРТ.

По расправата Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година,со пренамена и дополнување на средства беше ставен на гласање.

■**Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година,со пренамена и дополнување на средства** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година,со пренамена и дополнување на средства **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4: Донесување Одлука за започнување на постапка за преговори за склучување на нов Колективен договор помеѓу ЈРП МРТ и репрезентативниот Синдикат при ЈРП МРТ.**
Воведно излагање по оваа точка даде Љубица Пуцаревиќ член на претседателството на Синдикалната организација при МРТ, која најпрвин се извини во името на претседателката на Синдикатот Слаѓана Миливојевиќ која од оправдани причини била оневозможена да присуствува на седницата и потоа објасни за чекорите кои Синдикалната организација при

МРТ ги има превземено до сега во врска со подоготовка на Колективниот договор.Исто така Љубица информираше пред членовите на советот дека се одржани и неколку состаноци со Директорот на МРТ и неговиот заменик ,и дека немањето сеуште нов КОлективен договор беше и дел од препораките на Државната ревзија.

По расправата претседателката на советот предложи да се отпочне со постапка за преговарање за склучување на нов Колективен договор, и Програмскиот совет на МРТ да го овласти Директорот на МРТ-Марјан Цветковски,во име на ЈРП МРТ да отпочне со постапка за колективно преговарање и склучување на нов Колективен договор со Синдикалната организација при МРТ како репрезентативен Синдикат во ЈРП МРТ.
Директорот на МРТ да биде овластен да го потпише новиот Колективен договор во име на ЈРП МРТ.

Врз основа на член 220 и член 225 од Законот за работни односи-Пречистен текст (Сл.весник бр.74/15,27/16,120/18),и Член 43 од Статутот на ЈРП МРТ,а во врска со член 137 од Колективниот договор со бр.01-5264/1 од 10.07.2015 година, Програмскиот совет на ЈРП МРТ на својата 79-та седница одржана на ден 30.01.2019 година,ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за започнување на постапка за преговори за склучување на нов**
**Колективен договор и овластување на Директорот на МРТ**
**за склучување и потпишување на нов Колективен договор**

**Член 1**

Со оваа Одлука Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија пристапува кон преговарање за склучување на нов колективен договор помеѓу ЈРП Македонска Радио Телевизија и репрезентативниот Синдикат на МРТ-Синдикална организација при МРТ.

**Член 2**

Се овластува Директорот на МРТ-Марјан Цветковски,во име на ЈРП МРТ да отпочне со постапка за колективно преговарање и склучување на нов Колективен договор со Синдикалната организација при МРТ како репрезентативен Синдикат во ЈРП МРТ.
Директорот на МРТ е овластен да го потпише новиот Колективен договор во име на ЈРП МРТ.

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 207 од Законот за работни односи-Пречистен текст (Сл.весник бр.74/15,27/16,120/18) и Член 43 од Статутот на ЈРП МРТ,а во врска со член 137 од Колективниот договор со бр.01-5264/1 од 10.07.2015 година,ЈРП МРТ и Синдикалнта организација при МРТ како репрезентативен синдикат со добра волја ќе започнат преговори за склучување на нов Колективен договор согласно позитивните законски прописи.

Програмскиот совет на МРТ на седница одржана на ден 30.01.2019 година одлучи да пристапи кон колективно договарање со репрезентативниот синдикат при ЈРП МРТ.
Согласно член 225 Законот за работни односи-Пречистен текст (Сл.весник бр.74/15,27/16,120/18),лицата ко ги застапуваат страните на колективно договарање мора да имаат полномошно за колективно преговарање и склучување на Колективен договор.

■**Одлуката за отпочнување на постапка за преговори за склучување на нов Колективен договор и овластување на Директорот на МРТ** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за отпочнување на постапка за преговори за склучување на нов Колективен договор и овластување на Директорот на МРТ **е едногласно усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Овластување за склучување и потпишување на нов Колективен договор помеѓу ЈРП МРТ и репрезентативниот Синдикат при ЈРП МРТ.**

Во врска со предходната точка беше предложено да се овласти Директорот на МРТ од страна на Програмскиот совет на МРТ да отпочне со постапка за колективно преговарање и склучување на нов Колективен договор со Синдикалната организација при ЈРП МРТ како репрезентативен синдикат во ЈРП МРТ,и да го потпише новиот колективен договор во име на ЈРП Македонска Радио Телевизија.

Врз основа на член 220 и член 225 од Законот за работни односи-Пречистен текст (Сл.весник бр.74/15,27/16,120/18),и Член 43 од Статутот на ЈРП МРТ,а во врска со член 137 од Колективниот договор со бр.01-5264/1 од 10.07.2015 година, Програмскиот совет на ЈРП МРТ на својата 79-та седница одржана на ден 30.01.2019 година,го донесе следново

**ОВЛАСТУВАЊЕ**

**СЕ ОПОЛНОМОШТУВА Марјан Цветковски-Директор на МРТ** во име на ЈРП Македонска Радио Телевизија да отпочне со постапка за колективно преговарање и склучување на нов Колективен договор со Синдикалната организација при ЈРП МРТ како репрезентативен синдикат во ЈРП МРТ,и да го потпише новиот колективен договор во име на ЈРП Македонска Радио Телевизија.

■**Овластувањето на Директорот на МРТ за преговори и потпишување на нов Колективен договор** беше ставено на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Оовластувањето на Директорот на МРТ за преговори и потпишување на нов Колективен договор **е едногласно усвоено** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 6:Разно.**

Претседателката на советот пред присутните информираше за дебатата што се одржа на 23.01.2019 година со Институот за општествени и хуманистички науки а во врска за процесот на изготвување на Програмскиот правилник на МРТ и за негово понатамошно инкорпорирање.

Претседателката предложи и беше прифатено од останатите членови,истиот да биде даден на разгледување и дополнување и на стручните служби во МРТ, а подоцна да биде разгледуван и на седница на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател